**Известување за концентрација со која Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ, Скопје има намера да стекне контрола над Раде Кончар апаратна техника АД Скопје (предмет бр. 08-134/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ, бул. 3-та Македонска бригада бр.52 Скопје има намера да стекне контрола над Раде Кончар апаратна техника АД Скопје, бул. 3-та Македонска бригада бр.бб Скопје

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ е со дејност производство на апарати за дистрибуција и контрола на електрична енергија.

Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ е во сопственост на Раде Кончар ДОО Сервис и поправки на електрични производи чија дејност е поправка и одржување електрична опрема.

Раде Кончар апаратна техника е со дејност на холдинг друштва.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.10.2025 година
Скопје